Проф. д-р Блаже Китанов,Универзитет ,,Гоце Делчев",Штип

# Методи Гогов -од летачки поп до архиепископ



Апстракт

Едно од најсветлите и најзнаменити имиња на древното и легендарно Ново Село,на македонскиот црковен и духовен дом,без сомнение,е неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г.Михаил(1912,Штип-1999,Скопје).Сиот свој живот архиепископот Михаил ќе ѝ го посвети на црквата,на религијата,на духовното зајакнување,обединување и возвишување на својот народ и својата татковина- Македонија.

Клучни зборови: архиепископ,поп,летачки,црква

И кога е во затвор во Србија,во Сремска Митровица ,и во сопствената Македонија,во Идризово и на Отешево,кога го принудуваат на тешка физичка работа -копање ровови,кршење камење за да се откаже од крстот и мантијата,неговата молба -одговор секогаш биле:,,**Оставете ме,јас сакам да му на бога,на народот,да читам и да преведувам книги...,,(по сеќавање на неговата внука Санда Гогова-Петковска служам).**

Љубовта и близоста со бога отпочнува од родното Ново Село во црквата ,,Св. Богородица ,, . Малиот Методи Гогов бил слаб и со кревко здравје па по желба на неговата мајка Санда, шестгодишното дете редовно ќе ги посетува богослужбите и ќе се грижи за чистотата на црквата.

По завршување на основното образование ,младиот Методи Гогов учи Богословија во Битола која ја завршува со одличен успех. Во 1932 година се запишува на Богословскиот факултет во Белград на кој во 1936 г. дипломира како најдобар студент во генерацијата. Како авторитет меѓу студентите влегува во редовите на македонскиот кружок за да биде назначен за секретар на студентското здружение на Богословскиот факултет,а го уредувал како главен уредник и студентското теолошко списание.

По дипломирањето присилно е мобилизиран во српската војска,при што неколкупати е осудуван од Воениот суд. Пред војната доаѓа во Штип и кракто време предава веронаука во штипската гимназија,но со судска казна за дела против интересите на царот и царска Србија набргу е депортиран во Ужице за да предава српска пропагандна веронаука.

Во предворјето и виорот на Втората светска војна божјото чедо Методи пак е дома и работи како свештеник во Соборната или како што ние Новоселци ја викаме градската црква ,,Св. Никола,, во Штип. Тука тој ќе дојде во судир со бугарската власт,па ќе биде принуден да замине во одбрана на татковината. При крајот на војната е кооптиран во АСНОМ во Горно Врановци при Главниот Штаб.

Токму во тоа време, при крајот на војната, Методи Гогов организира митинзи во Велес,Прилеп и Битола во својство на народен пратеник и претседател на Народниот

фронт за штипската област,како и претседател на Иницијативниот одбор за организирање на МПЦ и обновување на Охридската архиепископија. Иако ќе биде негиран и ќе има отпори од просрпските малигни израстоци и остатоци на црквата ,заедно со протојереите Кирил Стојанов и Никола Апостолски ја чистат црквата од ,,троскот,,,од антицрковни елементи,па по многу векови,на 3,4 и 5 март 1945 година во Скопје го организираат Првиот црковно -народен собор .



На тие светли датуми Методи Гогов ќе ја соопшти Одлуката за обновување на Охридската архиепископија олицетворена во нејзината законска наследничка која и денес е негирана од сите страни. На тој начин тој ќе стане заговорник и на идејата за национална слобода на македонскиот народ и неговото духовно,социјално и етничко обединување. Заради тоа, на 6 мај 1948 година за време на Информбирото ќе биде уапсен и осуден на затворска казна. По шест месеци строг затвор кон крајот на 1948 г. пак е осуден на петипол години робија. Иако му било нудено амнестија, затворската казна во Идризово и Отешево ја издржал стоички и до последен ден.

Во тоа време на робување со изнајмена арабаџиска кола родителите Панче и Санда,благородната презвитера Благородна и децата Натка,Љупче и Панче ќе го посетат чедото и војвода -робијаш во Отешево кој избричен до гола глава крши камење. Во разговор со своите Методи Гогов ќе ги успокојува и храбри:,,Јас не се плашам за себе,се плашам за вас како ќе издржите,,. Ангелот од Ново Село ќе биде тормозен,тепан,мачен и понижуван за време на робијата. Тука, во името на Партијата, на свештеникот-заробеник катаден му велеле:,,Остави ја мантијата,фрли го крстот,религијата е опиум,биди што сакаш!Министер,професор,амбасадор...!,,Одговорот на свештеникот Гогов секогаш бил ист:,,Не,благодарам! Не,Господ да ве чува;не, Господ ќе ви прости,не можам,не сакам,јас сум венчан за Македонија со крстот,,.

По тешката Голгота помината во пранги и карцел заедно со Методи Андонов Ченто, Методи Гогов ќе остане доследен на крстот и мантијата,на олтарот и молитвата,на црквата и Македонија. Но како да ги плаши неговиот дух,неговиот ум и знаење,па за да се ослободат од него во 1966 г. го испраќаат да богослужи далеку од Македонија,преку океанот,во Австралија. Но тука во Мелбурн тој е свештеник во Првата македонска црква од Македонија,,Св. Великомаченик Ѓорѓи Чудотворец“. Тамошните медиуми ќе го наречат **поп што лета** бидејќи работи и патува неуморно- ги создава првите црковни општини во Австралија,ја формира Американско- Канадската и Австралиска епархија како архиерејски заменик. Тука,на големи христијански собири Методи Гогов ќе говори на нашиот македонски јазик,на повеќе универзитети ќе држи предавања за македонското црковно и историско минато.

По извесно време,некаде во 1970 год. како протојереј -ставрофор Методи Гогов се враќа дома кога ќе биде назначен за Ректор на македонската православна Богословија. На оваа институција тој ќе предава англиски јазик,еден од шесте јазици кои ги владеел до перфекција:француски,руски,италијански ,германски и др.,ќе предава пастирско богословие,вовед во теологија, патрологија, аскетика и неговата љубов-омелитика(црковно говорништво). Во 1988 год. е хиротонисан кога е и митрополит во Повардарската епархија. Следствено,по Доситеј, Ангеларij и Гаврил,на 4(21) декември

1993 г. на Црковно- народен собор во Охрид е избран за четврти по ред поглавар на МПЦ. На тој чин Михаил ќе се Завети ,,Ние,Михаил,избран и востоличен архиепископ Охридски и Македонски,се заколнувам во семоќниот Бог дека на МПЦ и својата татковина Република Македонија ќе им бидеме верни и предани,ќе го почитуваме и чуваме црковниот Устав,ќе ја чуваме чистотата на светото православие,црковните канони и прописи,ќе го чуваме канонското единство на сите православни автокефални цркви,а посебно ќе ја почитуваме Македонската православна црква во сè,па и во своите дела и постапки ќе се раководиме исклучиво од доброто и интересите на нашата Света Црква и татковина,и дека нема да се согласиме со никаква измена што би била спротивна на нивните интереси. Нека ни помогне сезнајниот Бог,Пресветата мајка Богородица,светите црковни рамноапостоли Кирил и Методиј,Св. Климент и Св. Наум Охридски и сите македонски светии".



Михаил остана верен и доследен на својот завет и заклетва. Достојно и служеше на својата црква,на својот народ. Не случајно тој беше предложен за прв претседател на независна и самостојна Република Македонија. Зошто не дојде до тоа причините се добро познати. Затоа Михаил со голема љубов и ентузијазам ќе ги воспева чедата што с вградиле во темелите на Македонија. Нашиот архиепископ,во поодминати години и кревко здравје ќе продолжи да лета од село до село,од град во град,низ Европа и Америка,Канада и Австралија. Така,на 10 мај 1994 г. летачкиот духовник е во Торонто каде на аеродромот во шпалир ќе го пречекаат илјадници Македонци од Бафало,Хамилтон,Мисисага,Рочестер, Детроит и од сите страни на Северна Америка. Во новата Соборна црква ,,Св. Климент Охридски" г. г. Михаил ќе рече:,,**Чедата на Македонија секогаш се заедно каде и да се!Земјата наша Македонија,ни** ја ра**зделиле,ја искасапиле и ставиле граници меѓу Македонците,но овде нема граници и сите Македонци се заедно и едно**". Таа црква Михаил ќе ја прогласи за Катедрална црква на Македонија во Северна Америка.

Еднодушно е мислењето сега и за навек- Архиепископот Михаил остави трајни и неизбришливи траги во црковното,духовното,во националното и културно зајакнување на својот народ,на својата татковина и МПЦ. Со неговото доаѓање за поглавар започна масовно враќање на верниците во црковните храмови. Тој несебично се залагаше за признавање на МПЦ,го обнови монаштвото кое со децении не беше присутно кај нас,ќе се залага за враќање на црковниот имот,за воведување на веронаука во школските клупи. Михаил ќе го воведе македонскиот јазик за службен јазик во црковните општини во дијаспората -Австралија,Америка,Канада,ќе се бори за единство на Светиот синод,за обновување на дијалогот со великодостојниците на православните сестрински цркви-српската,бугарската и грчката. Михаил ќе биде иницијатор и на идејата за напуштање на стариот црковен календар кој,освен нашата, сеуште се придржуваат само руската и српската црква.

Со еден збор ,духот и умот на свештеникот Методи Гогов,на неговото блаженство архиепископот Охридски и Македонски г. г. Михаил отсекогаш се стремеле кон обединување на своите верници и на својот народ,тука и насекаде по светот. Таков бил тој,такви биле и неговите родители Панче и Санда.

Сме живееле куќа до куќа во Ново Село,на стотина метри до црквата ,,Св. Богородица“. Неговата куќа, која е до патот спроти Детската градинка, сега е во сопственост на семејството Мијалкови. Честопати мајка ми Слава ми кажуваше за фамилијата на Панче и Санда Гогови,а посебно за мајката на Методи дека тоа била мошне добра и благородна жена. Многупати и давала корисни совети како на млада домаќинка. Во една прилика, додека сум бил сосема малечок, јазикот ми бил превртен,сум го загубил здивот, присебната рака и интервенција на баба Санда ме вратила во живот. Така ми кажуваше мојата добра мајка. По многу години,сега не се сеќавам точно,мајка ми која работеше како чистачка во Физикалната терапија во Ново Село,ми соопшти дека на болничка нега во терапијата се наоѓа баба Санда и дека изразила желба да ме види. Ја посетив,со радост ме гушна и измилува. Беше со ампутирани нозе до над коленици .Не знам колку време беше таму, западнала во склероза,но мајка ми до крај и ја пружила потребната нега,како добра жена и мајка на големиот духовник од Ново Село Методи Гогов.

13 –ти октомври,2014 г.Штип